**20242654614**

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

□□□

□Врз основа на член 112 став (3) и член 190 став (4) и став (5) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 43/2014, 15/2015 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/2020, 288/2021 и 53/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 19.12.2024 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

(1) Во Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија"бр. 192/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.67/2021 и бр.142/2021) во членот 10 по ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11) кои гласат:

"(10) По исклучок доколку поради непредвидени технички причини, виша сила или други вонредни околности стручниот испит неможе да се спроведе, рокот за положување на стручниот испит утврден во став (8) и став (9) за кандидатите се продолжува во времетраење на спреченоста за полагање на стручниот испит за што Комисијата донесува одлука."

"(11) Во случајот од став (10) кандидатите имаат право да се изјаснат дали го задржуваат статусот кандидат за полагање на стручен испит, да побараат поврат на уплатените средства во полн износ или да побараат уплатените средства во полн износ да бидат прифатени за пријавување на наредна обука во организацијата на Комисијата. По изјаснувањето на кандидатите, Комисијата одлучува со решение."

(2) Постојните ставови (10) и (11) од овој член редоследно се менуваат во ставови (12) и (13).

Член 2

Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност е од времен карактер.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Број 01-865/1
19 декември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.